# Одговори на прашања на членовите на Парламентарното собрание на Советот на Европа

Ќе започнам по редоследот по кој прашањата беа поставени. Ќе започнам со извлечените поуки за другите, во однос на тоа дали споровите во регионот ќе бидат решливи ако го извадиме европскиот наратив од равенката.

Она на што бевме сведоци со обновените тензии на границата на Косово и Србија, всушност е еден сигнал.

За нас, европскиот контекст беше поттик.

Многу европски лидери, кога дојдоа во Скопје да водат кампања и го повикаа народот да гласа „за“ на референдумот, за да го потврдат договорот од Преспа, на некој начин ветија дека тоа ќе значи почеток на пристапните преговори. Значи, лекцијата за другите во регионот ќе биде: ако ова ветување остане неисполнето, дали вреди да се прави сето ова? Некои го кажуваат тоа отворено и официјално. Погледнете што му направи Европа на г -дин Зоран Заев. Зошто би го правел јас ова? Без европскиот контекст, решавањето на преостанатите прашања во регионот ќе биде сé потешко.

За конкретното прашање на пресудата во врска со признавањето пол. Прашањето е решено во корист на индивидуалниот жалител, на граѓанинот за кој станува збор. Секако, за системско решение ќе бидат потребни законски измени. Владата ги усвои; тие се во собраниска процедура. Разговарајќи со Министерот за правда, мислам дека предвидуваме дека ќе бидат усвоени во ноември. Сега сме среде кампања за локални избори. Парламентот не е целосно функционален во тој поглед. Тонот во јавниот дискурс е таков што мислам дека би било тешко за оние членови на парламентот кои не се целосно убедени да не го поддржат овој амандман. Значи, планот е Тоа да се направи во ноември оваа година.

Имаше прашање за малцинствата, особено за помалите заедници.

Северна Македонија е мултиетничко општество. На тоа гледаме како на јака страна. Имаме традиција на толеранција. Делумно, ова беше зајакнато со Охридскиот рамковен договор (ОРД). Одбележавме 20 години од неговото потпишување. Договор што воведе правична застапеност во јавната администрација, јазични права и поголема децентрализација. Владата активно промовира политика наречена „едно општество за сите“ или „еднакво општество за сите“. Без оглед на нашето етничко потекло, ние сме во заеднички дом. Имаме заеднички успеси и заеднички предизвици. Општеството се промени до таа мера што прашањата што се актуелни се однесуваат главно на неетнички прашања. За многу ситуации, со мултиетничката агенда на земјата, никогаш не можете да кажете „тоа е завршено“. Никогаш не можете да кажете „го завршивме тоа, сега може да продолжиме понатаму“. Секогаш ќе биде потребен ангажман и внимание на општеството, на земјата. Но, во голема мера, прашањата со кои се соочува земјата - да речеме, борбата за поголем економски просперитет, подобро образование, повеќе правда и поголема отчетност, се вредности и процеси што ги обединуваат сите етнички заедници, и поголемите и помалите.

Исто така, имаме традиција на носење заеднички одлуки, делумно регулирани со примена на таканаречениот Бадинтеров принцип на мнозинство. Значи, кога треба да се донесе политичка одлука што ги допира прашањата на етничките заедници, и тие треба да бидат дел од одлучувањето. Исто така, треба да има мнозинство и од оние што ги претставуваат етничките заедници за кои станува збор.

Имаше и прашање „како можеме да помогнеме?" Вие многу помагате. Тоа е исто така поврзано со прашањето и се извинувам за тоа, бидејќи ова е најактуелната болка, затоа зборувам повеќе за ЕУ. Начинот на кој ја гледаме Европската унија не е неповрзан со вредностите и процесите на оваа организација. За граѓаните од регионот, кога велите „европски", зборот носи позитивни асоцијации на демократија, слобода, почитување на вашите права, еднакви можности, пристојност, нормалност, економски просперитет.

Најголемиот дел од нашите реформи за да станеме поевропска земја се во голема мера во согласност со начелата на оваа организација.

Кога велам дека веќе помагате многу, мислам на Венецијанската комисија. Тоа е инструмент што го користиме многу често кога менуваме законодавство или имаме дилеми и се обидуваме да се усогласиме со европските стандарди, како и Групата на држави против корупцијата при Советот на Европа (ГРЕКО). Сега имаме локални избори, така што гледам многу истражувања на јавното мислење. Кога ги прашувате луѓето која е нивната најголема грижа, тоа е правдата и борбата против корупцијата. Така што, во тој поглед, ГРЕКО е исклучително важен.

Потоа, тука се проектите поддржани преку Хоризонталниот инструмент,а и Советот на Европа има канцеларија во Скопје. Мислам дека тоа е, исто така, многу корисно.

Во однос на наративот за вредностите, мислам дека двете организации се во голема мера дел од „една визија" за нашиот континент.

Фрустрацијата; имаше и прашање што направивте за демократијата, за владеењето на правото.

Како прво, имаме постојан тек на вистинки слободни и фер избори. Мислам дека тоа го имаме горе-долу целосно решено. Ние соработуваме тесно со оваа организација, но и со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), за да се осигуриме дека ова прашање нема да претставува проблем. Го сменивме начинот на назначување судии. На многу начини направивме сѐ што можеме за да го примениме планот на независно судство. Во земјата владее атмосфера според која секој мора да сноси одговорност. Имавме постојани пресуди против поранешните носители на моќ, но и против сегашните, што е исклучително важно.

Во однос на слободата на медиумите, мислам дека ни оди многу добро. Мислам дека ова е наведено во сите извештаи на Репортери без граници (РБГ) и многу други. Го научивме тоа на потешкиот начин. Ни се случи кризата од 2015 и 2016 година, кога тогашната држава - под водство што очигледно имаше автократски тенденции - се обиде да ги контролира

медиумите. Во тоа време државата, користејќи ги парите на даночните обврзници, беше најголемиот огласувач во медиумската сфера и држеше речиси до 60% од медиумскиот пазар. Ние рековме дека нема да користиме пари од даночните обврзници за рекламирање. Имаше голема дебата дали треба да го направиме тоа за да ја промовираме кампањата за вакцинација. Најдовме други начини да го направиме тоа и не ја повторивме грешката. Со сите наши недостатоци и прашања, Северна Македонија денес е, всушност, многу жива демократија, каде што медиумите се слободни и сѐ се објавува.

Исто така, постигнавме напредок во борбата против дискриминацијата. Имавме воспоставен правен систем. Претходната влада го измени тоа; го вративме системот во употреба, така што антидискриминацијата јасно се однесува и на сексуалната ориентација и на родовиот идентитет.

Земјата се движи во вистинската насока. Она што е најважно е дека тоа е поради општеството. Луѓето научија дека, кога ќе заземат став и се гласни, политичките партии, носителите на политички одлуки ги следат.

И, за крај, во врска со фрустрацијата - луѓето навистина се чувствуваат предадени. На многу начини, и владата е во незавидна положба, бидејќи ветувањето на владата се засноваше на европското ветување. Наративот не е заокружен, а ветувањето не е исполнето.

Мислам дека не постои друга алтернатива освен да се стане европска земја. Мислам дека е полесно да се стори тоа ако ја имате алатката за реформи на пристапниот процес. Но, со или без тоа, ние ќе се држиме до планот да ја направиме Северна Македонија функционална европска демократија, управувана од владеењето на правото.

Се разбира, кога Европа не ги исполнува своите ветувања, ќе ја изгуби довербата и веќе ја изгуби довербата. Ќе го изгуби влијанието што го има во овој регион кој е географски во средината.

Ви благодарам г -дине Џорџ КАТРОУГАЛОС за вашето прашање. Мислам дека сите се чувствуваме исто затоа што бевме дел, двајцата, бевме дел од овој процес заедно. Верувам дека ќе успееме на крајот, но живееме во свет каде не секогаш се прави вистинската работа.

Мислам и се надевам дека ги опфатив петте прашања што беа поставени.

Ви благодарам за, според мене, многу важните прашања. Овој пат ќе одговорам обратно.

---

Ќе започнам со последното прашање.

Прво за миграцијата - мислам дека нема лесно решение. Начинот на кој што може да ги спречите луѓето да заминат од својата земја е да им обезбедите добри услови за европски начин на живеење дома. И тука не станува збор само за работни места и плати, туку и за перспектива дека земјата се движи во вистинската насока и дека иднината ќе биде посветла – по пет години, по 10 години. Исто така, се работи за тоа што на луѓето им е важно правдата да се спроведува. Така што, владеењето на правото е, исто така, дел од тоа.Се работи за тоа,

особено во време на Ковид-19, но и без Ковид-19, да имаме добри болници, да имаме добри училишта за деца. Така што, мислам дека начинот на кој тоа треба да се направи е да се фокусираме и да испорачаме и да имаме реален долгорочен план. Не можете да го постигнете тоа преку ноќ. Тоа не може да се направи само во текот на еден демократски мандат. Но, убеден сум дека целиот регион може да го стори тоа во следната деценија, за некако да го смени овој тренд. Во спротивно, во суштина ќе потфрлиме во однос на следната генерација.

Кога Северна Македонија стана независна, јас бев полнолетен: 18-19 години. 30 години подоцна, сѐ уште мислам дека не сме успеале барем следната генерација да има подобар почеток од мојата. Мислам дека целиот регион заедно се соочува со овој предизвик. Мислам дека нема лесно решение. Понекогаш политичарите зборуваат за подигнување ѕидови. Дури и ако изградиме ѕид околу целиот регион, нема да ги спречиме младите да си заминат доколку не им создадеме подобри услови дома. И европската перспектива е дел од тоа.

За прашањето во врска со Бугарија; исто така, би сакал да му се заблагодарам на заменикот г -дин Пјеро ФАСИНО од Италија што го поднесе предлогот за резолуција на Парламентарното собрание за поддршка на европската иднина на регионот. Мислам дека ова е важен сигнал во време кога вкавите сигнали се важни и се очајно потребни. Така, јас силно ја поддржувам иницијативата за назначување Известувач и со нетрпение очекувам да го прочитам извештајот, резолуцијата и препораките во овој процес.

Што се однесува до Бугарија, во текот на нивните избори - парламентарни и претседателски – тие се посветени на тоа да продолжат да се обидуваат да најдат разбирање, исто така билатерално, за прашањата за коишто можеме да најдеме разбирање. Мислам дека влогот е навистина огромен: нашето пријателство, иднината на регионот, луѓето. Ефектите од политиките во последните две години се такви што во анкетите на Бугарија се гледа како на проблем, како на некој што создава проблеми. Кога ги прашувате граѓаните дали мислат дека друга земја им создава проблем ним и на нивната нација, Бугарија е убедливо на прво место. А меѓу пријателските земји, нејзината позиција постојано се намалува.

Така што, не знам какви се резултатите од анкетите за Северна Македонија во Бугарија, но мислам дека треба реално да погледнеме што правиме, поради историјата што не можеме да ја промениме. Историјата е многу важна - сите сме горди на својата сторија. Историјата што ја создаваме денес мора да биде нешто со што ќе се гордееме. И ова е поважно, затоа што денес можеме да ја смениме. Така што, тоа е она што ние се обидуваме да го направиме. Навистина не може да зборуваме за тоа кои сме. Ниту една земја не може да ни каже кои сме. Тоа е самоопределување, прашање на самоидентификација. Не можеме да зборуваме за нашиот јазик; извинете, но тоа не е пристојно да се прави во 21-иот век. На овој континент, во 21 век, не си добар сосед ако им кажуваш на своите соседи „но твојот јазик е ваков или таков". Тоа не е нешто што треба да го правите. И решението мора да има смисла од перспектива на европските вредности. Во спротивно, тоа нема да биде решение.

Како може да изградите пријателство ако користите позиција на моќ и се однесувате насилнички кон својот сосед во врска со толку интимни прашања? Не може. И ние започнуваме процес кој е исклучително важен, но тој сега излета од шините. И, искрено ќе кажам дека тоа не е баш по наша вина.

На Турција ѝ благодарам за нејзините добри зборови за нашето членство во НАТО. Ако го разбрав правилно прашањето, прашањето е дали гледам негативно влијание на Турција во однос на нашите европски аспирации и нашата работата. Живееме во традиционално добри односи - не гледаме секогаш на прашањата од ист агол, што мислам дека е нормално и природно. Но, не можам да кажам дека постои деструктивен обид или политики кога станува збор за овој напор за европска интеграција на регионот.

Потоа, исто така, ви благодарам и на сите добри зборови од Литванија и од Вас лично. Да се навратам на резолуцијата. Мислам дека самиот факт што денес се дебатира на оваа тема од европска перспектива е, всушност, многу корисен. Моментот е извонреден и, ве молам, вклучете се за да има разрешница. И, на некој начин, им помогнавте на оние европски сили кои сфатија дека е време за акција. Ова е мојот одговор на прашањето што може вие да направите.

Се сеќавам на нашата средба во Скопје кога вие бевте на чело на мисијата на ОДИХР и мислам дека веројатно може да го потврдите она што го кажав за слободните и фер избори во Северна Македонија.

---

Ви благодарам на прашањата.

Ќе се обидам да бидам краток, бидејќи мислам дека го надминавме планираното време – сме го надмилане времето за само една минута, така што не е толку лошо.

Во однос на Отворен Балкан, мислам дека регионалната соработка е очигледно исклучително важна. Ние сме регион од 18 милиони луѓе, има многу граници. Колку помалку важни ги направиме тие граници, мислам дека е толку подобро за регионот и за неговата економска привлечност како пазар и како регион во кој може да се врши стопанска дејност.

Прашањето што дојде на крајот е, мислам, многу легитимно. Потоа, знаете дека разговаравме за иницијативата Отворен Балкан, дали интеграцијата треба да почне најпрво со приклучување кон единствениот пазар. Мислители, тинк-тенкови го покренаа ова прашање, истакнувајќи дека немаме резултати од политиката на проширување и од процесот на пристапување, па мислам дека е легитимна дебатата околу тоа дали регионот прво треба да се приклучи кон единствениот пазар.

Мислам дека, колку повеќе соработуваме на регионално ниво, толку помалку тензии и проблеми ќе имаме, затоа што ќе преовладува заедничкиот интерес. Без разлика дали преку Берлинскиот процес или преку оваа иницијатива, мислам дека е логично да ги направиме нашите земји поповрзани.

Премногу камиони чекаат на границите. Треба да ги укинеме тие бариери за трговијата. Треба да ја зголемиме довербата помеѓу различните институции од регионот. Страдавме од пожари ова лето и други природни катастрофи често се случуваат поради климатските промени, па договорот да се организираме така што, кога некоја земја ќе биде погодена, сите ќе побрзаме да помогнеме, е очигледно нешто што е сосема солидно.

Благодарам за поентата на Азербејџан. Мило ми е што слушам дека имало контакт, средба меѓу Министрите за земјоделство. Ние сме многу горди на нашите земјоделски производи, така што мислам дека во оваа и во другите области дефинитивно има потенцијал за поголема соработка.

Конечно, до г-ѓа Екатерина ГЕЧЕВА-ЗАХАРИЕВА која покрена неколку прашања; и овде ќе бидам многу отворен и искрена.

Како прво, имаме комисија против дискриминација во земјата. Кога проверив дали има поплаки за да видам дали овие наводи што доаѓаат од Бугарија дека ние некако ги дискриминираме граѓаните што сметаат дека се етнички Бугари, до оваа комисија нема пристигнато ниту еден приговор против дискриминација. Мислам дека нема таков предмет овде, во Европскиот суд за човекови права. Знам за други предмети што се таму, но не против Северна Македонија. Така што, бидејќи ги слушам ваквите наводи многу често јавно, официјално од бугарските политичари, се трудам да видам дали се дел од домашниот контекст? Дали е тоа навистина балон во којшто навистина се верува?

Ние сме земја која е мултиетничка. Во нашиот Устав и во нашата политичка традиција етничките заедници ... се сите еднакви и сите сме заедно во ова. Имаме заедничка куќа ; патем, не сите земји во регионот имаат вакви политики. Ние навистина немаме проблем со признавање или непризнавање на малцинствата. Сметаме дека тоа е прашање на засегнатите луѓе; ако сметаат дека тие се нешто посебно, имаат право на одредена низа права, и индивидуални и колективни.

Сега имаме попис. Денеска завршува. Трае веќе некое време. Го направив тоа пред два дена. Во мојот дом дојдоа луѓе. Ме прашаа за мојата етничка припадност. Немаше список од којшто може да се избере. Можев слободно да се изјаснам. Искрено, мислам дека дефинитивно треба да се сретнеме и да имаме искрена дискусија за ова, но обемот на наводи дека некако ги дискриминираме, а при тоа да немаме ниту една единствена поплака, претставува проблем. Ако ова е прашање на внатрешна политика, можеби можам да разберам, но навистина ми е тешко да видам како тоа ќе биде во корист на она што започнавме да го правиме, а тоа е соочување со историјата, прифаќање на реалноста и заедничко работење на изградба на заедничка европска иднина.

За говорот на омраза: Како прво, мислам дека нема ниту еден пример на таков говор од страна на официјалните носители на функции. На претходните бугарски избори, имаше ТВ реклама на политичка партија која ја прикажа Северна Македонија како бугарска територија. Тоа се територијални претензии; тоа би можел да го протолкувам како говор на омраза. Значи, кога вие, да речеме, го зголемувате гневот што го дефинирате како „говор на омраза“ што доаѓа од наша страна, од луѓето, од граѓаните, е предизвикано токму поради тоа што им кажувате кои се. Сакате да им кажете која е нивната историја и кој е нивниот јазик. Нормално, луѓето ќе се бунтуваат. Ние како земја секогаш ќе ги осудуваме инцидентите, но тековната бугарска политика кон Северна Македонија е инвестиција во антагонизам, а не во пријателство.

Мојата последна поента: бидејќи сме дел од оваа организација, од Советот на Европа, ние сме големи поддржувачи на иницијативата за Опсерваторија за настава по историја во Европа. Мислам дека дел од прашањата или голем дел од прашањата меѓу нашите земји се однесуваат на историјата и на наставата по историја. Мислам дека ќе ни помогне доколку и вие се придружите кон оваа иницијатива, за да можеме да учиме од споредбени примери и како тоа се правело кога другите земји имале проблеми со историските наративи.

Ви благодарам многу.